**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

# К О Н К У Р С

**за запишување студенти на трет циклус академски студии – докторски студии**
**на студиските програми**
**на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,**
**во академската 2026/2027 година**

**Скопје 2026**

Во согласност со Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018, Службен весник на РСМ бр. 178/2021 и бр. 58/2024 година), Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530 од 31 декември 2020 година), Одлуката на Ректорската управа арх. бр. 02-299/4, донесена на 309. седница одржана на 20.2.2026 година, и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи бр. 57-4991/7 од 14.7.2026 година (Службен весник бр. 160 од 16.7.2026 година), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на трет циклус академски студии – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во академската 2026/2027 година

**I. Студиските програми, бројот на студенти и школарината за запишување на студенти на трет циклус студии – докторски студии се дадени во следнава табела:**

| ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Студиска програма** | **Број на студенти** | **Школарина****[**]** | **Школарина за странски студенти[**]** |
| 1. | Биологија – Биохемија и физиологија* <br> Природно-математички факултет | 12 | 5.500[1] | 8.000[1] |
| 2. | Биологија – Молекуларна биологија* <br> Природно-математички факултет | 12 | 5.500[1] | 8.000[1] |
| 3. | Биологија – Екологија* <br> Природно-математички факултет | 10 | 5.500[1] | 8.000[1] |
| 4. | Биологија – Таксономија* <br> Природно-математички факултет | 10 | 5.500[1] | 8.000[1] |
| 5. | Математички науки и примени <br> Природно-математички факултет | 23 | 4.360[3] | 6.540[3] |
| 6. | Физика* <br> Природно-математички факултет | 10 | 3.950[4] | 5.925[4] |
| 7. | Хемија (на англиски јазик) * <br> Природно-математички факултет | 38 | 3.950[5] | 6.425[5] |
| 8. | Географија <br> Природно-математички факултет | 10 | 4.500 | 6.500 |
| 9. | Информатика <br> Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | 0 (87) [6] | 4.750 | 4.750 |

| ИНЖЕНЕРСТВО И ТЕХНОЛОГИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Студиска програма** | **Број на студенти** | **Школарина****** | **Школарина за странски студенти****** |
| 1. | Архитектура и урбанизам*<br>Архитектонски факултет | 3 | 5.650 | 5.650 |
| 2. | Градежништво*<br>Градежен факултет<br>- конструкции;<br>- хидротехника;<br>- геотехника;<br>- сообраќајно инженерство;<br>- организација, технологија и менаџмент во градежништвото | 40 | 5.500 | 5.500 |
| 3. | Геодезија<br>Градежен факултет | 3 | 5.500 | 5.500 |
| 4. | Машинство*<br>Машински факултет | 76 | 4.550 | 6.825 |
| 5. | Индустриско инженерство и менаџмент*<br>Машински факултет | 4 | 4.550 | 6.825 |
| 6. | Електротехника и информациски технологии*<br>Факултет за електротехника и информациски технологии | 35 | 4.550 | 6.700 |
| 7. | Метрологија*<br>Факултет за електротехника и информациски технологии | 10 | 4.550 | 6.700 |
| 8. | Компјутерски науки и инженерство<br>Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | 0 (87) [6] | 4.750 | 4.750 |
| 9. | Земјотресно инженерство<br>Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија | 13 | 5.000 | 6.800 |
| 10. | Металургија<br>Технолошко-металуршки факултет | 10 | 4.500 | 7.000 |
| 11. | Технологија<br>Технолошко-металуршки факултет | 10 | 4.500 | 7.000 |
| 12. | Дизајн и технологии на мебел и ентериер*<br>Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер | 28 | 4.000 | 6.000 |

| МЕДИЦИНСКИ И ЗДРАВСТВЕНИ НАУКИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Студиска програма | Број на студенти | Школарина** | Школарина за странски студенти** |
| 1. | Клиничка медицина*<br>Медицински факултет | 117 | 5.000 | 8.000 |
| 2. | Базична медицина*<br>Медицински факултет | 20 | 5.000 | 8.000 |
| 3. | Молекуларна медицина*<br>Медицински факултет | 6 | 5.000 | 8.000 |
| 4. | Медицинска физика<br>Медицински факултет | 2 | 5.000 | 8.000 |
| 5. | Јавно здравство*<br>Медицински факултет | 14 | 5.000 | 8.000 |
| 6. | Фармација*<br>Фармацевтски факултет | 24 | 8.000 | 12.000 |
| 7. | Стоматолошки науки*<br>Стоматолошки факултет | 88 | 6.000 | 9.000 |

| ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ВЕТЕРИНАРНИ НАУКИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Студиска програма | Број на студенти | Школарина** | Школарина за странски студенти** |
| 1. | Агроекономика*<br>Факултет за земјоделски науки и храна | 22 | 5.000 | 5.000 |
| 2. | Анимална биотехнологија*<br>Факултет за земјоделски науки и храна | 22 | 5.000 | 5.000 |
| 3. | Заштита на растенијата - фитомедицина *<br>Факултет за земјоделски науки и храна | 11 | 5.000 | 5.000 |
| 4. | Квалитет и безбедност на земјоделски производи*<br>Факултет за земјоделски науки и храна | 27 | 5.000 | 5.000 |
| 5. | Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина*<br>Факултет за земјоделски науки и храна | 16 | 5.000 | 5.000 |
| 6. | Растителна биотехнологија*<br>Факултет за земјоделски науки и храна | 34 | 5.000 | 5.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Ветеринарна медицина*<br>Факултет за ветеринарна медицина | 58 | 5.650 | 8.475 |
| 8. | Безбедност на храна*<br>Факултет за ветеринарна медицина | 25 | 5.650 | 8.475 |
| 9. | Зоотехника и агроменаџмент<br>Институт за сточарство и рибарство | 6 | 4.500 | 6.750 |
| 10. | Рибарство<br>Институт за сточарство и рибарство | 6 | 4.500 | 6.750 |

| **ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Студиска програма** | **Број на студенти** | **Школарина**** | **Школарина за странски студенти**** |
| 1. | Безбедност<br>Филозофски факултет | 10 | 5.400 | 7.500 |
| 2. | Специјална едукација и рехабилитација*<br>Филозофски факултет | 7 | 5.400 | 7.500 |
| 3. | Педагогија<br>Филозофски факултет | 23 | 5.400 | 7.500 |
| 4. | Психологија<br>Филозофски факултет | 5 | 5.400 | 7.500 |
| 5. | Социологија*<br>Филозофски факултет | 13 | 5.400 | 7.500 |
| 6. | Социјална работа и социјална политика<br>Филозофски факултет | 23 | 5.400 | 7.500 |
| 7. | Политички науки*<br>Институт за социолошки и политичко-правни истражувања | 11 | 4.900 | 4.900 |
| 8. | Социолошки науки – социологија на општествени промени*<br>Институт за социолошки и политичко-правни истражувања | 5 | 4.900 | 4.900 |
| 9. | Комуникации и медиуми<br>Институт за социолошки и политичко-правни истражувања | 2 | 4.900 | 4.900 |
| 10. | Менаџмент и бизнис*<br>Институт за социолошки и политичко-правни истражувања | 4 | 4.900 | 4.900 |
| 11. | Економија и бизнис*<br>Економски факултет/ Економски институт | 109 | 6.500 | 9.500 |
| 12. | Образование на наставници (за примарното образование) *<br>Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ | 34 | 5.000 | 6.000 |
| 13. | Рано детско воспитание и образование* | 34 | 5.000 | 6.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ | | | |
| 14. | Кинезиологија Факултет за физичко образование, спорт и здравје | 15 | 6.046 | 8.934 |
| 15. | Политички науки* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 12 | 8.000 | 8.000 |
| 16. | Политички систем* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 7 | 8.000 | 8.000 |
| 17. | Меѓународни односи* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 18 | 8.000 | 8.000 |
| 18. | Јавна администрација* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 2 | 8.000 | 8.000 |
| 19. | Административно право* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 3 | 8.000 | 8.000 |
| 20. | Граѓанско право* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 12 | 8.000 | 8.000 |
| 21. | Деловно право* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 5 | 8.000 | 12.000 |
| 22. | Историја на правото* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 9 | 8.000 | 12.000 |
| 23. | Казнено право* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 3 | 8.000 | 8.000 |
| 24. | Право на интелектуална сопственост*– Правен факултет „Јустинијан Први“ | 4 | 8.000 | 8.000 |
| 25. | Римско право* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 1 | 8.000 | 8.000 |
| 26. | Уставно право* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 6 | 8.000 | 8.000 |
| 27. | Финансово право* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 4 | 8.000 | 8.000 |
| 28. | Правна реторика и аргументација* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 1 | 8.000 | 8.000 |
| 29. | Меѓународно јавно право и меѓународно приватно право* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 6 | 8.000 | 8.000 |
| 30. | Право на ЕУ и европски интеграции* – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 3 | 8.000 | 8.000 |
| 31. | Право на информатичка технологија – Правен факултет „Јустинијан Први“ | 6 | 8.000 | 8.000 |

**ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ И УМЕТНОСТИ**

| | Студиска програма | Број на студенти | Школарина** | Школарина за странски студенти** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Музичка интерпретација и композиција*<br>Факултет за музичка уметност | 10 | 5.650 | 5.650 |
| 2. | Музички науки*<br>Факултет за музичка уметност | 2 | 5.650 | 5.650 |
| 3. | Драмски и аудиовизуелни уметности*<br>Факултет за драмски уметности | 8 | 5.500 | 8.250 |
| 4. | Театрологија*<br>Факултет за драмски уметности | 8 | 5.500 | 8.250 |
| 5. | Фолклористика*<br>Институт за фолклор „Марко Цепенков“ | 10 | 4.300 | 6.450 |
| 6. | Историја на Македонија<br>Институт за национална историја/ Филозофски факултет | 20 | 4.500 | 6.500 |
| 7. | Историски науки<br>Филозофски факултет | 25 | 5.400 | 7.500 |
| 8. | Историја на уметноста и археологија<br>Филозофски факултет | 22 | 5.400 | 7.500 |
| 9. | Филозофија<br>Филозофски факултет | 16 | 5.400 | 7.500 |
| 10. | Класична филологија<br>Филозофски факултет | 5 | 5.400 | 7.500 |
| 11. | Наука за јазикот – Албански јазик<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 13 | 4.500 | 4.500 |
| 12. | Наука за јазикот – Романистика<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 18 | 4.500 | 4.500 |
| 13. | Наука за јазикот – Англиски јазик<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 22 | 4.500 | 4.500 |
| 14. | Наука за јазикот – Германски јазик<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 3 | 4.500 | 4.500 |
| 15. | Наука за јазикот – Славистика<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 17 | 4.500 | 4.500 |
| 16. | Наука за книжевноста – Албанска книжевност<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 2 | 4.500 | 4.500 |
| 17. | Наука за книжевноста – Општа компаративна книжевност<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 11 | 4.500 | 4.500 |
| 18. | Наука за книжевноста – Славистика | 6 | 4.500 | 4.500 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Филолошки факултет „Блаже Конески“ | | | |
| 19. | Наука за книжевноста –Англиска книжевност<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 8 | 4.500 | 4.500 |
| 20. | Наука за книжевноста – Романска книжевност<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 8 | 4.500 | 4.500 |
| 21. | Наука за книжевноста – Германска книжевност<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ | 5 | 4.500 | 4.500 |
| 22. | Македонистика – македонски јазик и лингвистика<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ / Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ | 36 | 4.500 | 5.500 |
| 23. | Македонистика – македонска книжевност и култура<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“/Институт за македонска литература | 48 | 4.500 | 5.500 |
| 24. | Теолошки студии<br>Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски“ | 5 | 4.500 | 4.500 |
| 25. | Етнологија и антропологија<br>Природно-математички факултет | 12 | 4.300 | 4.300 |
| 26. | Културолошки студии*<br>Институт за македонска литература | 18 | 4.500 | 5.000 |

* Студиските програми се во процес на акредитација и ќе запишат студенти по добивање решение за почеток со работа.

**Во школарината се вклучени износот на трошоците за студирање, т.е. за организирање на наставата, работилници и семинари, менторот, комисиите на факултетите/институтите што се организатори на студиската програма, раководење на студиската програма, Универзитетската школа за докторски студии. Во школарината не се вклучени материјалните трошоци за истражувањето на темата, мобилноста, визитинг-наставници и другите трошоци согласно со договорот за студирање. Факултетот/институтот што е организатор на студиската програма утврдува дополнителни износи за истражувањето на кандидатите, во зависност од научната област, и тие се објавуваат на веб-страницата на единицата.

[1] Студиските програми кај кои во табелата „ решение за акредитација“ и „ решение за почеток со работа“ е означено со симболот „ * “, ќе се врши запишување, доколку до објавување на Конкурсот за учебната 2026/2027 година, се добие решение за почеток со работа, согласно член 145, став 7 (Службен Весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025).

[2] Во школарината се вклучени и трошоците за истражување.

[3] Доколку согласно со студиската програма се доделат дополнителни предмети, износот на надомест изнесува 50 евра за секој предмет од прв циклус, а 100 евра за секој предмет од втор циклус.
[4] Во школарината не се вклучени материјалните трошоци за истражување на темата и другите трошоци согласно со договорот за студирање.

[5] Материјалните трошоци за истражување на темата изнесуваат 2.000 евра и не се вклучени во школарината. Во школарината не се вклучени евентуални трошоци за мобилност на кандидатот, визитинг-наставници и други трошоци, согласно со договорот за студирање.

[6] Студиските програми Информатика и Компјутерски науки и инженерство ќе запишуваат студенти само во вториот уписен рок.

## II. Листа на ментори

Листата на ментори со број на слободни места по студиска програма е објавена на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

https://ukim.edu.mk/doktorska-shkola/

## III. Услови и начин на запишување студенти:

1. **На докторски студии можат да се запишат лица кои завршиле соодветни академски студии и кои ги исполнуваат следниве основни услови:**

- завршени втор циклус академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити од првиот и вториот циклус студии збирно;
- завршени постдипломски студии на студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити за организирана академска обука и предавања и друг вид комуникациски активности;
- стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити, или со завршени интегрирани студии со 360 кредити;
- остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 8. Наставно-научниот/научниот /наставно-научниот и уметнички совет, со воведување на дополнителни услови, може да овозможи запишување на кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 7,50, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителните услови утврдени од советот на студиската програма;
- Сертификат/уверение за познавање на англиски јазик. Познавање на англиски јазик, што се докажува со уверение или сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, меѓународен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, утврден со конкурсот или диплома за претходно стекнато образование – додипломски студии (прв циклус) и/или постдипломски студии (втор циклус) каде што студиската програма се изведувала на англиски јазик.

### 2. Дополнителни услови

**2.1.** Покрај исполнувањето на основните услови, наведени во дел III, точка 1 од овој Конкурс, на докторски студии на **Фармацевтскиот факултет во Скопје,** согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, можат да се запишат и:

- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 1992/1993 година, во траење од 5 години, и се стекнале со диплома: дипломиран фармацевт;
- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 2002/2003 година и се стекнале со диплома: магистер по фармација;
- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 1981/1982 година, во траење од 4 години, кои се стекнале со диплома: дипломиран фармацевт и имаат завршена здравствена специјализација во траење од 3 години.

**2.2.** Покрај исполнувањето на основните услови, наведени во дел III, точка 1 од овој Конкурс, на докторски студии на **Медицинскиот факултет во Скопје,** согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, можат да се запишат и:

- лица кои завршиле според студиските програми до учебната 2005/2006 година и се стекнале со диплома: доктор на медицина, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 2005/2006 година (360 кредити) и се стекнале со диплома: доктор по медицина, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои се запишуваат на докторски студии од базична медицина на област за која нема здравствена специјализација, треба да имаат најмалку два in extenso труда како прв автор, публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

**2.3.** Покрај исполнувањето на основните услови, наведени во дел III, точка 1 од овој Конкурс, на докторски студии на **Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје** можат да се запишат и:

- лица со завршени интегрирани прв и втор циклус студии од областа на ветеринарната медицина и медицинските науки, односно завршени втор циклус студии од сродните области од природно-математичките и биотехничките науки;
- лица кои завршиле според студиската програма пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри, и се стекнале со диплома: доктор по ветеринарна медицина;
- лица со завршени специјалистички студии од соодветни и сродни области;
- лица кои завршиле според студиски програми од областа на медицинските науки, пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри и имаат завршено втор циклус студии.

**2.4.** Покрај исполнувањето на основните услови, наведени во дел III, точка 1 од овој Конкурс, на докторски студии на **Стоматолошкиот факултет во Скопје** можат да се запишат и:

- лица кои завршиле според студиските програми до учебната 2003/2004 година и се стекнале со диплома: доктор на стоматологија или со диплома: доктор по стоматологија, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиските програми од учебната 2003/2004 година и се стекнале со диплома: доктор по стоматологија, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиските програми од учебната 2010/2011 година и се стекнале со диплома: доктор по дентална медицина, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација.

**2.5.** Покрај исполнувањето на основните услови, наведени во дел III, точка 1 од овој Конкурс, на докторски студии на **Архитектонскиот факултет во Скопје** можат да се запишат и**:**

- лица кои завршиле студии по архитектура по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри;
- лица кои се стекнале со звањето специјалист во рамките на третиот циклус студии, при што на овие кандидати им се признаваат најмногу 60 кредити.

## IV. Дополнителни услови утврдени од советите на студиските програми

**Природно-математички факултет:**
Советите на студиските програми на трет циклус академски студии – докторски студии од Природно-математичкиот факултет го задржуваат правото да проценат кој кандидат при формално исполнети услови може да се запише на истите, а особено се однесува за кандидати чие претходно образование не е од областа на соодветните и сродните научни дисциплини.

**Информатика:**
На студиската програма од трет циклус студии – докторски студии Информатика, може да се дозволи запишување на студенти кои немаат остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, на додипломски од најмалку 8,00 и постдипломски студии од најмалку 8,00. За ваквите кандидати важи дополнителниот услов да имаат најмалку еден објавен труд во списание со фактор на влијание (индексиран од ТомсонРојтерс) од областите компјутерски науки и инженерство и информатика, при што кандидатот треба да биде прв автор на трудот (трудовите).

**Архитектура и урбанизам:**
На докторски студии по архитектура и урбанизам можат да се запишат лица кои завршиле соодветни академски студии и кои исполнуваат дополнителни услови. Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по Архитектура и урбанизам, ќе дозволи упис на студенти кои имаат остварен просечен успех од најмалку 7,50 доколку:

- имаат објавено најмалку еден труд како автор во референтна научна публикација, согласно со чл. 2, став 1, алинеја 24 од Законот за високото образование;
- студентите кои не ги завршиле претходните студии на Архитектонскиот факултет во Скопје, потребно е да имаат најмалку две препораки од универзитетски наставници со оценка на оспособеноста на кандидатот за научна работа, познавање и достигнување во струката.

**Градежништво:**
Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по Градежништво, ќе дозволи упис и на студенти кои имаат остварен просечен успех од најмалку 7,50 на прв и втор циклус студии или на интегрирани студии, само доколку имаат објавено најмалку два научни труда од областа на истражување, објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор, но не постари од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус студии.

**Машинство:**
Се утврдуваат дополнителни критериуми за запишување студенти на трет циклус – докторски студии во академската 2026/2027 година на студиската програма Машинство на Машинскиот факултет во Скопје за кандидатите кои не го исполнуваат условот од остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршено високо образование од најмалку 8,00, и тоа:

- остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршено високо образование (прв и втор циклус студии посебно) од најмалку 7,50;

- најмалку две препораки од наставници со оценка на оспособеноста за научна работа, познавање и достигнување на струката, од кои една од потенцијалниот ментор и една од наставник кој покрива предмети од областа на темата за докторска дисертација;

- најмалку два научни труда од областа на истражување објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор до денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус.

Советот на студиската програма **Машинство** ги утврди следниве трошоци за студирање:

- 4.550 евра без трошоци за коментор и без трошоци за истражување;
- 5.050 евра со трошоци за коментор и без трошоци за истражување;
- 300 евра трошоци кои ги поднесуваат кандидатите при поднесување пријава за запишување на трет циклус студии за оцена на исполнувањето на дополнителните критериуми.

**Индустриско инженерство и менаџмент:**
Се утврдуваат дополнителни критериуми за запишување студенти на трет циклус – докторски студии во академската 2026/2027 година на студиската програма Индустриско инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје за кандидатите кои не го исполнуваат условот од остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршено високо образование од најмалку 8,00, и тоа:

- остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршено високо образование (прв и втор циклус студии посебно) од најмалку 7,50;
- најмалку две препораки од наставници со оценка на оспособеноста за научна работа, познавање и достигнување на струката, од кои една од потенцијалниот ментор и една од наставник кој покрива предмети од областа на темата за докторска дисертација;
- најмалку два научни труда од областа на истражување објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор и не постари од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус.

Советот на студиската програма **Индустриско инженерство и менаџмент** ги утврди следниве трошоци за студирање:

- 4.550 евра без трошоци за коментор и без трошоци за истражување;
- 5.050 евра со трошоци за коментор и без трошоци за истражување;
- 300 евра трошоци кои ги поднесуваат кандидатите при поднесување пријава за запишување на трет циклус студии за оцена на исполнувањето на дополнителните критериуми.

**Компјутерски науки и инженерство:**
На студиската програма од трет циклус студии – докторски студии *Компјутерски науки и инженерство* **може** да се дозволи запишување на студенти кои немаат остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, на додипломски од најмалку 8,00 и постдипломски студии од најмалку 8,00. За ваквите кандидати важи дополнителниот услов да имаат најмалку еден објавен труд во списание со фактор на влијание (индексиран од Томсон Ројтерс) од областите компјутерски науки и инженерство и информатика, при што кандидатот треба да биде прв автор на трудот (трудовите).

**Металургија:**
Кандидатите можат да се запишат на трет циклус студии и со остварен просечен успех (прв и втор циклус посебно) од најмалку 7,50 ако го исполнуваат дополнителниот критериум:

- завршени студии од прв циклус од областа,
- завршени студии од втор циклус од областа,
- најмалку две препораки од наставници со оценка на оспособеноста за научна работа, познавање и достигнување во струката, од кои една од потенцијалниот ментор и една од наставник кој покрива предмети од областа на темата на докторската дисертација,
- најмалку два научни труда од областа на истражување, објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или на меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор, но не постари од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус.
- износ на школарина за кандидати државјани на Република Северна Македонија – 4.500 евра;
- дополнително до 1500 евра за организирање на истражувањето во рамките на докторската теза.
- износ на школарина за кандидати кои не се државјани на Република Северна Македонија – 7.000 евра;
- дополнително од 750 до 2.250 евра за организирање на истражувањето во рамките на докторската теза.

**Технологија:**

- износ на школарина за кандидати државјани на Република Северна Македонија – 4.500 евра;
- дополнително до 1.500 евра за организирање на истражувањето во рамките на докторската теза;
- износ на школарина за кандидати кои не се државјани на Република Северна Македонија – 7.000 евра;

- дополнително од 750 до 2.250 евра за организирање на истражувањето во рамките на докторската теза.

**Фармација:**
На студиската програма од трет циклус докторски студии по фармација може да се запишат и студенти кои немаат остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршено високо образование, на додипломски студи од интегриран прв и втор циклус од најмалку 8,00 или на додипломски студи од прв циклус од најмалку 8,00 и постдипломски студии од втор циклус од најмалку 8,00, доколку ги исполнуваат следните услови:

- остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршено високо образование на додипломски студии од интегриран прв и втор циклус од најмалку 7,50 или на додипломски студи од прв циклус од најмалку 7,50 и постдипломски студии од втор циклус од најмалку 7,50 (посебно);

и

- имаат објавено во последните 5 години најмалку еден труд во списание со фактор на влијание (индексиран од Web of Science/Clarivate) од научното подрачје медицински и здравствени науки и сродни подрачја/полиња/потполиња, при што кандидатите треба да бидат први автори на трудот (трудовите).

Соодветноста на сродните подрачја/полиња/потполиња ја утврдува Советот на докторските студии.

**Агроекономика:**

Дополнителните услови со коишто се овозможува запишување на кандидат со остварен просечен успех од претходно завршено образование (прв и втор циклус) од најмалку 7,50 се:

- да биде прв автор на најмалку еден труд објавен во научно списание со фактор на влијание; и/или

- да биде прв автор на најмалку два труда објавени во меѓународно научно списание или меѓународна научна публикација коишто подлежат на рецензија.

**Специјална едукација и рехабилитација:**
Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по Специјална едукација и рехабилитација ќе дозволи упис на студенти кои имаат остварен просечен успех од најмалку 7,50 доколку кандидатот има еден објавен труд во зборник со меѓународен уредувачки одбор и најмалку две активни учества на меѓународни стручно-научни конференции. Доколку на докторските студии се пријават кандидати кои имаат завршено додипломски и магистерски студии од друго научно поле од подрачјето на општествените или хуманистичките науки, нивните пријави ќе се разгледуваат поединечно и за дополнителните обврски ќе одлучува Советот на докторски студии на студиската програма.

**Педагогија:**
Доколку на докторските студии се пријават кандидати кои имаат завршено магистерски студии од друго научно поле од подрачјето на општествените или хуманистичките науки, нивните пријави ќе се разгледуваат поединечно и за дополнителните обврски ќе одлучува Советот на докторски студии на студиската програма.

**Психологија**:
Студиите се отворени за сите кандидати кои ги исполнуваат условите за упис на докторските студии согласно објавениот конкурс и кои имаат завршено студии од прв циклус по психологија и студии од втор циклус по психологија или сродни дисциплини од општествените и хуманистичките науки. Освен општите услови за упис – просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на прв циклус студии и просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на втор циклус студии и докажано познавање на англиски јазик, кандидатите треба да го задоволат и следниот услов: да имаат позитивно оценет работен нацрт за истражување во областа назначена во писмото за мотивација од страна на менторот кој дал првична согласност и од

страна на Советот на студиската програма. Предност при уписот ќе имаат кандидатите со повисоко оценет истражувачки нацрт, повисок постигнат успех на претходните циклуси на студии, како и кандидатите со повисоки научни достигнувања на полето на психологијата, како: објавени трудови, учества во научноистражувачки проекти; учество на стручни и научни собири, конференции и сл.

**Социологија:**
На докторските студии на студиската програма по социологија можат да се запишат студенти кои завршиле академски студии и ги исполнуваат следниве услови:
- завршено соодветно образование на прв и/или втор циклус на студии по социологија со стекнати најмалку 300 ЕКТС и со остварен просечен успех (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 8,00 (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии);
-завршено соодветно образование на прв или циклус на студии по социологија со стекнати најмалку 300 ЕКТС со остварен просечен успех (прв и втор циклус посебно, односно на интегрираните студии) од најмалку 7,50, доколку имаат: објавено како автор два рецензирани меѓународни труда од обласа на социологија, не постари од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус студии (трудовите да бидат доставени како фотокопии, во три примероци со копирање на насловната страница од книгата или научното списание во кое е објавен трудот) или учество на научноистражувачки проекти или научни собири или работно искуство од 5 години во обласа на социологијата;
- завршено несоодветно образование на прв или втор циклус на студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС (друга студиска програма од подрачјето на општествените и хуманистичките науки). Доколку положат приемен испит и имаат: објавено како автор два рецензирани меѓународни труда од обласа на социологија, не постари од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус студии (трудовите да бидат доставени како фотокопии, во три примероци со копирање на насловната страница од книгата или научното списание во кое е објавен трудот) или доказ за учество на научноистражувачки проекти или научни собири. По завршувањето на рокот за пријавување на Конкурсот, Советот на студиската програма Социологија го организира приемниот испит. Приемниот испит се состои од писмен и устен дел. Писмениот дел подразбира пишување на истражувачки нацрт во кој студентот подетално ја објаснува областа на интерес наведена во мотивационото писмо. Кандидатите ја наведуваат темата или предметот на истражување, методологија на работа и цели. Нацртот се пишува на лице место, за време на приемниот испит. Кандидатите се охрабруваат, доколку се во можност, да користат лаптоп. Испитот трае 60 минути. Елементите што се земаат предвид при евалуацијата се: релевантноста на темата, оригиналноста на темата, теоретска рамка со увид во постојната литература, почетни претпоставки и хипотези, методологија, како и способноста јасно да се артикулираат идеите и квалитетот на аргументацијата. Врз основа на нацртот, Комисијата ја оценува научната компетентност и мотивација на кандидатот во моментот. Усниот дел од приемниот испит е интервју на кое кандидатот ја презентира својата мотивација за прием на докторски студии и своите претходни истражувачки искуства и резултати, го објаснува истражувачкиот предлог што планира да го направи за време на докторските студии, вклучувајќи ја и темата на неговата докторска дисертација. Критериумите за селекција за запишување се оценуваат врз основа на: резултатите од претходната работа на студентот (остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус посебно, односно на интегрираните судии) времетраење на студиите на прв и втор циклус студии, постигнати научни резултати)(максимум 40 поени) резултатите од приемниот испит за студенти со завршено несоодветно образование на прв или втор циклус на студии (максимум 40 поени) квалитет на мотивационото писмо (максимум 20 поени). Советот на студиската програма од трет циклус – докторски студии по социологија го задржува правото
да процени кој студент (при формално исполнети услови) може да се запише на докторските студии по социологија.

**Социјална работа и социјална политика:**
На студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по социјална работа и социјална политика може да се пријават кандидати кои ги исполнуваат условите за упис на трет циклус – докторски студии согласно со Правилникот за трет циклус студии на УКИМ и кои имаат завршен прв циклус студии од поле социјална работа и социјална политика или сродни науки и завршен втор циклус

од поле социјална работа и социјалната политика или сродни студии од општествените или хуманистички науки.

**Економија и бизнис:**
Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии ќе дозволи упис и на студенти кои студиите од прв и втор циклус ги завршиле со остварен просечен успех од најмалку 7,50 на секој циклус засебно, само доколку имаат објавено најмалку еден труд во научно спиание кое е индексирано во базата на Web of Sience или Scopus.

**Образование на наставници (за примарното образование):**
Како дополнителни услови за запишување ќе се користат дополнителните критериуми кои се пропишани во студиските програми Рано детско воспитание и образование и Образование на наставници за примарното образование, кои се прифатени од членовите на Советот на истата програма Во случај, кога остварениот просек е помал од 8,00 ќе се земат предвид најмалку два од следните дополнителни критериуми:

- Најмалку два труда објавени во меѓународни списанија утврдени како такви со Законот за високото образование.
- Учество во најмалку еден меѓународен или национален проект или учество на најмалку две меѓународни конференции или конгреси.
- Реализирани самостојни и оригинални научни истражувања чии резултати се публицирани во меѓународни или национални научни списанија или во монографии.
- Самостојно изведена ликовна изложба или јавен сценски настап.
- Добиени препораки од истакнати научни и стручни работници во избраното поле и област.

**Рано детско воспитание и образование:**
Како дополнителни услови за запишување ќе се користат дополнителните критериуми кои се пропишани во студиските програми Рано детско воспитание и образование и Образование на наставници за примарното образование, кои се прифатени од членовите на Советот на истата програма Во случај, кога остварениот просек е помал од 8,00 ќе се земат предвид најмалку два од следните дополнителни критериуми:

- Најмалку два труда објавени во меѓународни списанија утврдени како такви со Законот за високото образование.
- Учество во најмалку еден меѓународен или национален проект или учество на најмалку две меѓународни конференции или конгреси.
- Реализирани самостојни и оригинални научни истражувања чии резултати се публицирани во меѓународни или национални научни списанија или во монографии.
- Самостојно изведена ликовна изложба или јавен сценски настап.
- Добиени препораки од истакнати научни и стручни работници во избраното поле и област.

**Административно право:**

- Остварен просечен успех од претходно завршеното образование најмалку 7,50 за секој степен на образованието посебно за кандидати кои завршиле додипломски четиригодишни студии VII/1 и последипломски студии, односно втор циклус студии едногодишни студии;
- Кандидати со 10 години работно искуство во: соодветна регулирана професија; институција како вработени во јавниот сектор група I (работни места на административни службеници) или група III (работни места на даватели на јавни услуги – носители на дејност) согласно Законот за вработените во јавниот сектор; или правно лице на кое со закон му е доверено да врши јавно овластување на работно место поврзано со дејност од јавен интерес.

**Казнено право:**

- Остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии) од најмалку 7,50, доколку пријавениот кандидат има

најмалку десетгодишно работно искуство во: правосудни органи, други правни професии или работа на правни прашања во други правни лица.
- За останатите кандидати важи условот за остварен просечен успех од најмалку 8,00 од претходно завршеното образование (прв и втор циклус посебно, односно на интегрираните студии)

**Јавна администрација:**
- Остварен просечен успех од претходно завршеното образование најмалку 7,50 за секој степен на образованието посебно за кандидати кои завршиле додипломски четиригодишни студии VII/1 и последипломски студии, односно втор циклус студии едногодишни студии;
- Кандидати со 10 години работно искуство во: соодветна регулирана професија; институција како вработени во јавниот сектор група I (работни места на административни службеници) или група III (работни места на даватели на јавни услуги/носители на дејност) согласно Законот за вработените во јавниот сектор; или правно лице на кое со закон му е доверено да врши јавно овластување на работно место поврзано со дејност од јавен интерес.

**Музичка интерпретација и композиција:**
Позитивна оценка за селекција на кандидатот донесена од страна на Советот на студиската програма, на основа на увидот во содржината на прилогот кон пријавата што кандидатот треба да го достави, а кој во зависност од областа се состои од:

<u>За областа видови инструменти:</u>
1. Кандидатот изведува слободна програма во траење од најмалку 50 минути. Програмата од приемниот испит се изведува во живо напамет, освен кај дувачките инструменти, кои ја изведуваат програмата во живо, но не напамет. Се приложува доказ за програмата од дипломскиот испит и одбранетата магистерска програма.

<u>За областа соло (вокално) пеење:</u>
1. Кандидатот изведува слободна програма во траење од најмалку 50 минути. Програмата се изведува напамет во живо. Се приложува доказ за програмата од дипломскиот испит и одбранетата магистерска програма.

<u>За областа оркестарско диригирање:</u>
1. Портфолио за остварени настапи како диригент на најмалку два (2) целовечерни концерта со симфониски оркестар кои вклучуваат и солисти со времетраење од најмалку 60 минути и еден (1) концерт со вокално-инструментална композиција со времетраење од најмалку 40 минути.
2. ДВД со квалитетен видео и аудиозапис на којшто кандидатот изведува слободна програма во траење од најмалку 45 минути.
3. Нема да бидат прифатени и да се земат предвид записите кои се постари од 5 години, сметајќи од денот на поднесување на пријавата.

<u>За областа хорско диригирање:</u>
1. Портфолио за остварени настапи како диригент на концерти со хорска музика и тоа: најмалку два концерта со различна а-капела програма со вкупно времетраење од најмалку 80 минути и еден концерт со вокално-инструментална музика со времетраење од најмалку 40 минути.
2. ДВД со квалитетен видео и аудио запис на којшто кандидатот изведува слободна програма во траење од најмалку 45 минути.
3. Нема да бидат прифатени и да се земат предвид записите кои се постари од 5 години, сметајќи од денот на поднесување на пријавата.

<u>За областа композиција:</u>
1. Портфолио од композиции со вкупно времетраење од најмалку 60 минути, од кое најмалку 2 композиции за симфониски оркестар.
2. Доказ дека дел од композициите се јавно изведени.

**Драмски и аудиовизуелни уметности**

За студиските програми по драмски и аудиовизуелни уметности право на запишување на докторските уметнички студии имаат кандидатите кои ги исполнуваат критериумите за студент на докторски уметнички студии. Соодветноста на претходно завршените студии се утврдува од страна на Советот на студиската програма за докторски студии.
За филмска и театарска режија може да се запишат студенти на трет циклус кои, освен основните/општи услови, имаат снимено и презентирано на филмските фестивали најмалку два документарни или играни филма, или поставено најмалку две претстави на професионалните театарски сцени.

**Театрологија:**
За студиската програма од областа на театрологијата право на запишување на докторските студии имаат кандидатите кои ги исполнуваат критериумите за студенти на докторски студии. Соодветноста на претходно завршените студии се утврдува од страна на Советот на студиската програма за докторски студии.

**Фолклористика:** Студентите кои имаат минимум просек од 7,50, како и два труда објавени во референтни научни публикации, имаат право на запишување на докторски студии на студиската програма по фолклористика.

**Историски науки:**
Во однос на условите за запишување, студиите се отворени за сите магистри по историја. Доколку на докторските студии се пријават кандидати кои имаат завршено магистерски студии од друго научно поле од подрачјето на општествените или хуманистичките науки, нивните пријави ќе се разгледуваат поединечно и за дополнителните обврски ќе одлучува Советот на докторски студии на студиската програма. Кандидатите кои ќе се запишат на докторските студии треба да имаат стекнато магистерска титула. Предност при уписот ќе имаат кандидатите со повисок постигнат успех, како и кандидатите со повисоки научни достигања во полето на историските науки. Притоа, предвид ќе бидат земени следните елементи: објавени трудови; учества во научно-истражувачки проекти, учество на стручни и научни собири, конференции и сл.

**Филозофија:**
Кандидатите треба да имаат завршено студии од прв циклус по филозофија и студии од втор циклус по филозофија или сродни дисциплини од општествените и хуманистичките науки. Предност при уписот ќе имаат кандидатите со повисок постигнат успех, како и кандидатите со повисоки научни достигнувања на полето на филозофијата, како: објавени трудови, учества во научноистражувачки проекти, учество на стручни и научни собири, конференции и сл.

**Теолошки студии:**
- Завршен прв циклус теолошки студии и втор циклус од хуманистичките науки (теологија, филозофија, историја, историја на уметноста и археологија, филологија и книжевност, културолошки студии или музика).
- Остварен просечен успех од сите предмети од претходното завршено високо образование од најмалку 8,00.

**Културолошки студии:**
Советот на студиската програма Културолошки студии на третиот циклус – докторски студии, по исклучок, овозможува запишување на кандидатите со остварен просечен успех од најмалку 7,50 (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), доколку се исполнети следниве дополнителни услови:
- најмалку два научни труда од областа на студиската програма, објавени во претходните пет години во национално/меѓународно научно списание или зборник од научна конференција;
- учество на научна конференција / научен собир или друг релевантен придонес во областа.

## V. Избор на кандидатите

### Прелиминарна листа на примени кандидати

По завршувањето на Конкурсот, единицата ја објавува прелиминарната листа на примени кандидати на докторски студии, за секоја студиска програма. За кандидатите кои не ги исполнуваат условите за запишување на докторски студии, се објавува посебна листа.

Листите се објавуваат на веб-страницата на единицата.

Прелиминарната листа на примени кандидати и листата на кандидати кои не ги исполнуваат условите се утврдуваат од страна на советот на студиската програма.

Кандидатите имаат право на приговор на листата. Приговорот се поднесува во писмена форма до советот на студиската програма, односно советот на заедничката студиска програма.

Одлуката на советот на студиската програма, односно советот на заедничката студиска програма по приговорот е конечна.

### Конечна листа на примени кандидати

По завршувањето на постапката по приговорите, советот на студиската програма ја доставува листата на примени кандидати до Универзитетскиот стручен совет за докторски студии.

Стручниот совет за докторски студии ја утврдува конечната листа на примени кандидати и ја објавува на веб-страницата на Универзитетот.

Утврдената листа на примени кандидати е конечна.

## VI. Рокови за пријавување и запишување на кандидатите

| Рок за пријавување и запишување | Прв уписен рок | Втор уписен рок* |
|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 7.9.2026 – 21.9.2026 | 1.12.2026 – 10.12.2026 |
| Објавување прелиминарни листи | 24.9.2026 | 14.12.2026 |
| Одлучување по приговори | 28.9.2026 | 16.12.2026 |
| Објавување конечни листи | 1.10.2026 | 18.12.2026 |
| Запишување на кандидатите | 5.10.2026 – 9.10.2026 | 21.12.2026 – 25.12.2026 |

*** Пријавување и запишување во вториот уписен рок, ќе има само за студиските програми кои ќе се одлучат за реализација и во втор уписен рок.**

## VII. Начин на пријавување и документи за пријавување

**Пријавувањето се врши во службата за студентски прашања, на единицата организатор на студиската програма.**

При пријавувањето за запишување на студиската програма на трет циклус студии-докторски студии, кандидатите ги поднесуваат следниве документи во оригинал или фотокопија заверена на нотар:

1. Пријавен лист со назначување на избраната студиска програма за која конкурира;
2. Првична согласност на ментор од листата на ментори;
3. Писмо за мотивација со назначување на областа на истражување;
4. Кратка биографија;

5. Уверение за положени испити од прв циклус студии, односно од додипломски студии;
6. Уверение за положени испити од втор циклус студии, односно од постдипломски студии;
7. Диплома од прв циклус студии, односно од додипломски студии;
8. Диплома од втор циклус студии, односно од постдипломски студии;
9. Сертификат/уверение за познавање на англиски јазик. Познавање на англиски јазик, што се докажува со уверение или сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, меѓународен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, утврден со конкурсот или диплома за претходно стекнато образование – додипломски студии (прв циклус) и/или постдипломски студии (втор циклус) каде што студиската програма се изведувала на англиски јазик.
10. Кандидатите кои своето високо образование, додипломски студии (прв циклус) и постдипломски студии (втор циклус), го завршиле во странство, доставуваат нострифицирани документи, со кои се докажува исполнетоста на условите за запишување на трет циклус студии – докторски студии, како и еквиваленција на оценките, доколку системот на оценување е различен од Република Северна Македонија.

## VIII. Запишување на студентите

**Запишувањето на студентите се врши на единицата на која припаѓа студиската програма од 5.10.2026 – 9.10.2026 година.**

Исто така, во единицата каде што припаѓа студиската програма се доставуваат и следните документи:

1. Индекс и пријавни листови;
2. Две фотографии (две фотографии со димензии 3,5 x 4,5 и една со димензии 2 x 3);
3. Конечна согласност од менторот;
4. Пријава за избор на предмети од академска обука;
5. Договор за студирање;
6. Потврда за уплатена прва рата од школарината;
7. Потврда за уплата на износ од 7 % од школарината на студиската програма (во денарска противвредност), уплатена на Универзитетската школа за докторски студии;
8. Образец за согласност на студентот за електронска комуникација.

Школарината се плаќа на 6 еднакви рати, на почетокот на секој семестар, во денарска противвредност. Таа се уплаќа на сметка на единицата со која студентот склучил договор за студирање.

При уплата на првата рата на сметка на единицата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, примените кандидати вршат уплата во износ од 7 % од школарината на студиската програма (во денарска противвредност), на сметката на Универзитетската школа за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со следниве податоци:

- сметка: 160 010 3689 788 18;
- приходна шифра и програма: 723012 41;
- банка на примач: Народна банка на Република Северна Македонија.

## IX. Контакт

Адреса: Бул. „Гоце Делчев" бр. 9, 1000 Скопје

Електронска адреса: skola_za_ds@ukim.edu.mk

**Конкурсот е објавен на веб-страницата: https://ukim.edu.mk/doktorska-shkola/**